Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.......... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип..........45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ........ 83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК-ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ТЕХНИЧКИ НАУКИ (ЕЛЕКТРОНСКА МИКРОАНАЛИЗА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр 2202-356/7 од 18.12.2012 год. донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 18.12.2012 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор објавен во весникот „Дневник” и „Лајм” од 7.12. 2012 год. и во предвидениот рок се пријавила кандидатката м-р Маја Лазарова, магистер по електротехника и информациски технологии. Врз основа на приложената документација чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Маја Лазарова,** родена Ристова, на 24. ноември 1984 година во Штип. Со звањето дипломиран инженер по електротехника и информациски технологии се стекнува на Електротехничкиот факултет во Скопје, насока Компјутерска техника информатика и автоматика. Во јули 2011 година се стекнува со звање магистер по електротехника и информациски технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје на студентската програма Софтверско инженерство, што ја заврши со просечна оцена 8,00. Од февруари 2009 до август 2009 работи како волонтер на Темпус проект за имплементација на електронско учење на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од октомври 2009 до август 2010 работи како волонтер во Центарот за електронско учење при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип каде што била член од групата на предавачи кои држеле обуки на наставничкиот кадар за користење на платформата за електронско учење, а воедно и користење на софтверските алатки за канцелариско работење, учествува и во развојот на системот за електронско учење. Од август 2010 до мај 2011 година е волонтер на Електротехничкиот факултет во Радовиш при Универзитетот „Гоце Делчев“, каде што држи аудиториски вежби по предметите: Математика 1, Математика 2, Линеарни трансформации, Програмски јазик, Информатика и Логички кола и дискретни системи. Од ноември 2012 година почна повторно да работи како волонтер на Универзитетот „Гоце Делчев“ на електронскиот микроскоп за научноистражувачки цели. Дополнително, во периодот од февруари – април 2011/2012 година има учествувано во бесплатните обуки за граѓаните организирани од Општина Штип за подобро информатичко оштество како предавач по Информатика (користење на канцелариски алатки, интернет, Windows/Linux OS).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од приложената документација може да се види дека кандидатката м-р Маја Лазарова била активно вклучена во наставниот процес на Електротехничкиот факултет во Радовиш од август 2010 до мај 2011 година, како волонтер на предметите: Математика 1, Математика 2, Линеарни трансформации, Програмски јазик, Информатика и Логички кола и дискретни системи. Исто така, од пртиложената документација може да се констатира дека кандидатката како коавтор се појавува и во неколку научни публикации, а истовремено има посетувано и неколку обуки и тоа:

1. **M.Ristova**, V.Trajkovik – "E-Learning system into higher education", $8^{th}$ International Conference for Informatics Technology 2011, Bitola;
2. **M.Ristova**, V.Trajkovik, B.Citkuseva – "Exploring Students' use of e-Learning systems in Higher education", ICT Innovation 2011, Skopje;
3. B.Citkuseva, M.Kalendar, A.Tentov, **M.Ristova** – "Adding Modified Protocol Module in NCTUNS Network Simulator" ETAI International conference 2011, Ohrid .

| | | |
|---|---|---|
| Мај 2009 | "Teaching and learning with technology", In cooperation with Fulbright Program | Универзитет „Гоце Делчев" - Штип |
| Октомври 2009 | "Integrating E-learning across Teachers Curriculum" – Joint European Project CD JEP-40020-2005 | Универзитет „Гоце Делчев" - Штип |
| Јуни 2010 | In the JTEL Summer School on technology enhanced learning | JTEL, Охрид |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да ја избере кандидатката м-р Маја Лазарова во звањето помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Тодор Делишетров, ред.проф.,с.р.**
**Д-р Блажо Боев, ред. проф., с.р.**
**Д-р Тодор Серафимовски, ред. проф., с.р.**

**Прилог**
**Табела за вреднување на активностите на кандидатката м-р Маја Лазарова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Волонтирање на при изведување на вежби на Електротехничкиот факултет во Радовиш: Математика 1, Математика 2, Линеарни трансформации, Програмски јазик, Информатика и Логички кола и дискретни системи | | | |
| **Научноистражувачка дејност** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати<br>1. **M.Ristova**, V.Trajkovik – “E-Learning system into higher education”, 8th International Conference for Informatics Technology 2011, Bitola<br>2. **M.Ristova**, V.Trajkovik, B.Citkuseva – “Exploring Students’ use of e-Learning systems in Higher education”, ICT Innovation 2011, Skopje<br>3. B.Citkuseva, M.Kalendar, A.Tentov, **M.Ristova** – “Adding Modified Protocol Module in NCTUNS Network Simulator” ETAI International conference 2011, Ohrid | 3 | 6 | 18 |
| ВКУПНО: | | | 22 |